Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден __.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува правото на субвенционирање на партиципација за упис на седум (7) средношколци-матуранти/идни студенти од средните училишта на територијата на Општина Велес, на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола.

**Член 2**

Право на субвенција имаат средношколци-матуранти/идни студенти кои:

-завршиле средно образование
-се жители на Општина Велес;
-се запишуваат во прва година на студии на Технолошко-технички факултет Велес,Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола во Велес на прв циклус студии.

**Член 3**

Субвенцијата се доделува во форма на парична помош за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола во износ од 200 евра во денарска противредност по студент односно по 100 евра во семестар.

**Член 4**

Исплатата на средствата се врши од Општина Велес директно на сметка на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола врз основа на доставено барање од страна на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со прилог доказ за упис во прва година на  прв циклус студии.

Технолошко-техничкиот факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“- Битола има обврска да поднесува барање до Општина Велес пред почеток на секој семестар.

**Член 5**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес за секоја тековна година од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Оваа одлука се предлага како резултат на заедничката соработка на Општина Велес со Технолошко-техничкиот факултет Велес со цел поттикнување на интересот кај младите за техничките и технолошките науки, кои се од особено значење за локалниот економски развој, индустријата и пазарот на труд.

Преку оваа финансиска помош за упис, се создаваат подобри услови за континуитет во образованието и се намалуваат финансиските бариери со кои се соочуваат средношколци-матуранти/идни студенти и нивните семејства.

Дополнително, оваа мерка има за цел да придонесе кон создавање на квалификуван стручен кадар кој во иднина ќе може да се вклучи во развојот на локалната економија, иновациите и технолошкиот напредок на општината и пошироко.

Средствата за реализација на оваа одлука се обезбедуваат од Буџетот на општината, согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.